РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МЕМОРАНДУМ

## ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**МЕМОРАНДУМ**

**ЗА СОРАБОТКА МЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Министерството за одбрана, претставувано од министерот за одбрана, Зоран Коњановски,

Министерството за труд и социјална политика, претставувано од министерот за труд и социјална политика, Џељаљ Бајрами и

Агенцијата за вработување на Република Македонија, претставувана од директорот на Агенцијата, Влатко Поповски,

(во натамошниот текст: страни потписници)

Водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на своите надлежности утврдени со Закон,

Потврдувајќи ја заедничката заложба и интерес за унапредување на соработката во областа на едукација и обука на кадри, информирање, советување и поддршката за вработување на поранешните професионални војници на кои им престанува службата во Армијата на Република Македонија со навршени 38 години возраст,

Согласно позитивното законодавство на Република Македонија и останати документи и програми, Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија, се согласија за следното:

**Област на соработка**

**Член 1**

Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија меѓусебно ќе соработуваат и взаемно ќе си пружаат помош и поддршка, со цел овозможување на квалитетна подготовка за враќање во цивилен живот на поранешните професионални војници по престанокот на службата во Армијата на Република Македонија, преку размена на искуства и знаења, информирање и советување, стручно оспособување за цивилни професии и поддршка за вработување.

**Видови на соработка**

**Член 2**

Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија меѓусебно ќе соработуваат преку различни форми на соработка, а особено преку:

- Информирање и советување на поранешните професионални војници,
- Размена на податоци за воениот персонал на кој му престанува службата и за потребните профили на кадри на пазарот на труд во Република Македонија, на централно и на локално ниво,
- Вклучување во годишните активни програми и мерки за вработување,
- Посредување за вработување на поранешните професионални војници,
- Меѓусебно информирање за резултатите од работењето.

**Начин на реализирање на соработката**

**Член 3**

За воспоставување на соработката од член 2 на овој меморандум Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на Република Македонија формираат заедничко тело за развој на модалитетите на соработка.

За спроведување на одредбите на овој меморандум, по потреба ќе се склучуваат дополнителни протоколи и договори за соработка во кои поконкретно ќе се дефинираат активностите.

**Финансиски трошоци**

**Член 4**

Евентуалните финансиски трошоци кои ќе произлезат од секој одделен вид на соработка ќе се утврдуваат со посебни договори за соработка.

**Измена на меморандумот**

**Член 5**

Овој меморандум може да се изменува и дополнува со писмена согласност на страните потписници на овој меморандум.

**Решавање на спорови**

**Член 6**

Споровите настанати во текот на спроведувањето на овој меморандум ќе се решаваат спогодбено меѓу страните потписници на овој меморандум.

**Влегување во сила**

**Член 7**

Овој меморандум влегува во сила со денот на неговото потпишување.

**Член 8**

Овој меморандум е составен во 8 (осум) истоветни примероци, од кои 4 (четири) за Министерството за одбрана и по 2 (два) примерока за Министерството за труд и социјална политика и за Агенцијата за вработување на Република Македонија.

| | |
|---|---|
| **МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА** | **МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА** |
| **министер**<br>**Зоран Коњановски** | **министер**<br>**Џељаљ Бајрами** |

**АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**директор**
**Влатко Поповски**

Потпишан во Скопје, на ден 04.01.2011 година